Citizens for change!

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС
# МАЛИ ГРАНТОВИ ЗА СТИПЕНДИИ

РОДОВИ ПРАШАЊА; МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ; МИГРАЦИИ; ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ; ДЕЦНТРАЛИЗАЦИЈА; РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО;

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ
**Реф. бр. ЦМ-ФЕЛ-01**

Рок: 30 ЈУНИ 2016 г., 14:00 ч.

# ВОДИЧ ЗА АПЛИКАНТИТЕ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

# 1. ОСНОВА

**Цивика мобилитас** е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ) од Шведска. **Визијата** на проектот е Македонија во која граѓанското општество игра позитивна улога во реализацијата на потенцијалот на земјата и на сите нејзини граѓани. Неговата **мисија** е да биде движечка сила за одржливо граѓанско општество, кое:

- практикува позитивни, демократски вредности;
- значително ги ангажира граѓаните во локални општествени иницијативи и е во добра интеракција со своите конституенти;
- е институционализирано и вклучува бројни динамични, големи и мали, урбани и рурални, разновидни организации на граѓанското општество;
- има позитивно влијание на понатамошниот развој на Македонија.

Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области како што се **добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество.** Цивика мобилитас, исто така, се поддржува граѓанското општество и во адресирањето на три трансверзални теми: **родовите прашања, меѓуетничките односи и миграциите.**

Цивика мобилитас ги поддржува граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество во сите региони и општини, сектори и теми. Цивика мобилитас настојува да ги намали големите разлики меѓу и во рамките на самите региони во Македонија, како и меѓу и во рамките на различните општествени сектори.

Цивика мобилитас промовира внимателно осмислен **институционален развој** и **организациско јакнење** на граѓанските организации, со што истовремено цели да придонесе и кон развојот на целото граѓанско општество како сектор и кон јакнење на самите граѓански организации.

За период од четири години, Цивика мобилитас планира да достигне **„критична маса“ од 100 граѓански организации** кои активно се ангажираат во постигнување позитивни општествени промени во Македонија. Оваа критична маса може да помогне во постигнувањето консензус за правците и содржината на клучните општествени реформи.

Целната група на Цивика мобилитас се **здруженијата и фондациите** регистрирани во Македонија според Законот за здруженија и фондации. Другите актери на граѓанското општество, на пример медиуми, научно-истражувачки установи, како и синдикати и организации на работодавачи, исто така може да учествуваат во Цивика мобилитас.

Цивика мобилитас исто така поддржува и неформални, нерегистрирани групи, актери на граѓанското општество кои се вклучени во општествени иницијативи за заедничко добро. Тие ќе можат да имаат придобивки од линијата за поддршка на Цивика мобилитас, да учествуваат во сите настани, како на пример форумите на Цивика мобилитас и да добијат ад хок грант преку регистрираните граѓански организации.

Цивика мобилитас се состои од следниве компоненти и активности:

- **Компонента 1: Поддршка, вмрежување, учење** – што вклучува линија за поддршка (*Helpdesk*); национални, регионални, тематски и ад хок форуми; фасилитација за граѓанските организации кои даваат насоки за артикулирање, планирање и подготовка на општествени иницијативи; и менторство за организации кои сакаат да ги подобрат своите резултати;
- **Компонента 2: Финансиска поддршка (грантови)** - вклучува четири типа грантови: институционални, акциски (за акции и за специфични акции за истражување и развој; информации, комуникации; и набљудување, оценка и известување), мали (мали акциски грантови, грантови за практикантство и за стипендии) и ад хок грантови;
- **Компонента 3: Истражување** - предвидува истражувачки активности во: 1) Областите на доброто владеење, децентрализацијата, општествени промени; 2) Индексот на граѓанското општество и неговата применливост за институционален развој и организациско јакнење; и 3) Трансверзални теми: родови прашања, меѓуетнички односи и миграции.

# 2. ГРАНТОВИ ЗА СТИПЕНДИИ

## 2.1. Цели и резултати

Овој повик за предлози е дел од компонентата 2 од Цивика мобилитас и е наменет за предлози за грантови за стипендии поднесени од физички лица[1] кои се запишани на докторски студии на универзитетите или која било друга образовна институција лоцирана во Македонија, која е акредитирана за докторски студии според Законот за високо образование[2].

Предлозите треба да придонесат кон Цивика мобилитас, и тоа кон остварување на нејзините:

**Општа цел** - Општествена промена во Македонија, вклучувајќи подобра соработка меѓу граѓанските организации како и меѓу граѓанските организации и властите, ги одразува очекувањата, проблемите, потребите и приоритетите на граѓаните.

Општествената промена која ја поддржува Цивика мобилитас треба да соодветствува со позитивниот напредок во областите на доброто владеење, децентрализацијата и развојот на граѓанското општество.

**Цел на програмата** - Да се постигнат мерливи и трајни подобрувања во димензиите на Индексот на граѓанското општество: граѓански ангажман, практикување вредности, ниво на организација, а особено во димензијата за перцепција на влијанието[3].

Истовремено, предлозите за грантови за стипендии треба да придонесат кон постигнување и на **резултатите** на програмата:

**Резултат 1** - Граѓанското општество е водено од неговите конституенти – граѓанските организации, другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти подобро ги изразуваат своите идеи и се договараат за заеднички каузи за општествени промени и заеднички акции за промоција на овие каузи.

**Резултат 2** - Граѓанското општество практикува добро управување: граѓанските организации - другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти имаат и практикуваат вредности, верувања и ставови кои се компатибилни со доброто владеење, децентрализацијата и (позитивните) општествени промени.

**Резултат 3** - Граѓанското општество има создадено мрежи: граѓанските организации, другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти се ангажираат во општествена акција и подобро ги вклучуваат „старите“ и „новите“ државни и недржавни актери во неа, но секогаш со акцент на граѓаните во улога на членови, волонтери, донатори, учесници и поддржувачи.

**Резултат 4** - Постои критична маса на граѓанско општество за промена: зголемено ниво на организација во граѓанскиот сектор, што вклучува „критична маса“ од 100 релевантни и одржливи граѓански организации на национално ниво, во сите осум региони и во најмалку 5 сектори.

**Резултат 5** - Граѓанското општество ја унапредува демократијата и децентрализацијата: „критичната маса“ од 100 граѓански организации и нивните конституенти успешно ги промовираат општествените промени на национално ниво, во сите осум региони и во најмалку пет сектори.

**Трансверзални теми,** во контекст на горенаведените општа цел, цел на програмата и резултати, предлозите треба да поддржуваат општествени промени кои адресираат една од трансверзалните теми на Цивика мобилитас: **родови прашања, меѓуетнички односи и миграции** ИЛИ една од стратешките области на Цивика мобилитас: **добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество.**

[1] Погледни ги и критериумите за подобност подолу во Делот 3.

[2] http://www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon_za_visoko_25-02-2016.pdf

[3] Извештајот ЦИВИКУС - Индекс на граѓанско општество за Македонија - Долг пат до поголем граѓански ангажман, е достапен на: http://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazmanizvestaj.html.

## 2.2. Приоритети

Комисијата за избор на мали грантови на Цивика мобилитас ќе ги земе предвид следниве приоритети:

1) **Географско покривање** на сите осум плански региони: пожелно е стипендиите да се распределат на студенти лоцирани низ цела Македонија;
2) **Тематски:** поддршка на предлози кои ги адресираат трансверзалните теми на Цивика мобилитас, со фокус на собирање и зголемување на знаењето за граѓанското општество воопшто, а особено за неговата улога и/ или придонес кон родовите прашања, меѓуетничките односи и миграциите;
3) **Учество**: поттикнување на учеството на „академијата“ во поширока смисла (универзитетите и другите високообразовни институции, професорите, студентите, истражувачите, граѓаните со високо образование) во Цивика мобилитас и во граѓанското општество воопшто;
4) **Соработка**: поттикнување на истражување и развој во блиска соработка со Цивика мобилитас, со нејзините институционални (ИНС), акциски (АКТ) и специфични акциски (САК) грантисти[4], како и со други граѓански организации, актери на граѓанското општество и други чинители во општеството;
5) **Учење, споделување**: промовирање оптимално учење и споделување податоци, информации и знаење за гореспоменатите прашања помеѓу граѓанските организации, актерите на граѓанското општество и другите засегнати страни, а особено универзитетите, другите образовни институции, научно-истражувачките установи, како и медиумите, во и вон Македонија.

## 2.3. Расположливи средства

Целокупниот индикативен износ на средствата расположливи за повикот за мали грантови за стипендии во тековната фаза на програмата на Цивика мобилитас, 2014-2018, изнесува 1.700.000 денари. Цивика мобилитас го задржува правото да не додели дел од средствата или сите расположливи средства и истите да ги пренамени за идни или/и други повици.

## 2.4. Кофинансирање

За овој Повик за предлози се препорачува да се обезбеди кофинансирање, но истото не е задолжително.

# 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

Повикот се состои од пет групи критериуми за подобност:

1) **Актери**, субјектите кои ја поднесуваат пријавата, односно апликантот и соработниците (ако е применливо);
2) **Грантови**, минималната и максималната големина на грантот и неговото минималното и максимално времетраење;
3) **Истражување,** типови на истражување кои се препорачуваат/очекуваат од овој повик;
4) **Трошоци,** типови на трошоци кои може да бидат земени предвид при одредувањето на износот на грантот за стипендија;
5) **Број на пријави,** бројот на пријави кои апликантот може да ги поднесе.

## 3.1. Актери

### 3.1.1. Апликанти

За да биде подобен за грант за стипендија во рамките на овој повик, апликантот <u>мора</u>:

- Да биде државјанин на Република Македонија;

- Да биде запишан на докторски студии на универзитет или друга образовна институција која е лоцирана во Македонија и е акредитирана за докторски студии според Законот за високо образование;

- Да има одобрена пријава за својата докторска дисертација од страна на овластен орган на универзитетот/ образовната институција или да ги исполнил/а сите критериуми за

[4] Повеќе информации и податоци за грантистите на Цивика мобилитас може да се најдат на http://www.civicamobilitas.mk/mk/civica-mobilitas/za-grantistite

поднесување на пријавата на својата докторска дисертација за одобрување од страна на овластен орган на универзитетот/образовната институција;

- Да го владее англискиот јазик на академско ниво, т.е. да може да го чита, зборува и пишува англискиот јазик на ниво Ц1 или Ц2 според Заедничката европска референтна рамка за јазици[5].

Освен ова, корисникот на грант за стипендија треба да може и да сака тесно да соработува со Цивика мобилитас во текот на целиот период на спроведување, вклучително да биде отворен за инспирација и насоки од страна на координаторот на грантовите за стипендии во Цивика мобилитас, кога е релевантно да соработува со персоналот на Цивика мобилитас, да учествува во настаните на Цивика мобилитас, да објавува преку каналите на Цивика мобилитас, итн.

### 3.1.2. Соработници

За овој повик, апликантите се охрабруваат да вклучат соработници, но тоа не е задолжително. Ваквите соработници[6] може да играат важна улога во акцијата, но не можат да добијат средства од грантот.

## 3.2. Грантови

### 3.2.1. Големина на грантот

Грантовите за стипендии <u>не смеат да бидат помали</u> од 100.000 денари и <u>не смеат да бидат поголеми</u> од 200.000 денари. Цивика мобилитас го задржува правото да го смени овој износ (да го намали или зголеми) во зависност од резултатите од овој повик. Конечниот договорен износ ќе биде усогласен со апликантот пред потпишување на договорот.

### 3.2.2. Времетраење

Побараните грантови, во рамки на овој повик, не смеат да траат помалку од 12 месеци или повеќе од 24 месеци.

## 3.3. Акции

Грантовите за стипендии на Цивика мобилитас се наменети да го зголемат знаењето на теми кои се релевантни за развојот на граѓанскиот сектор во Македонија и во тој контекст, за трансверзалните теми како родовите прашања, меѓуетничките односи и миграцијата. Грантовите за стипендии обезбедуваат финансиска поддршка за докторанти за да им овозможат да го спроведат своето задолжително оригинално истражување кое е обврска за докторската дисертација.

**Трансверзални теми:** Цивика мобилитас би сакала да поддржи најмалку по едно истражување во <u>секоја</u> од следниве трансверзални теми:

**Тема 1 – Родови прашања**: Целта на овие грантови е да се собере, создаде и сподели знаење за родовата рамноправност и еднаквост во самото граѓанско општество. Грантовите треба да ги истражат родовите прашања во граѓанското општество, особено граѓанското општество може да помогне во: поттикнување на родовата еднаквост во Македонија преку промовирање на практикувањето од страна на граѓанските организации и другите чинители на граѓанското општество на принципот на родова разновидност на своето членство; промовирање на женско лидерство во граѓанските организации; подеднакво застапување за потребите и интересите на своите машки, женски и други конституенти; развој, промоција и практикување на родово сензитивни механизми за учество; застапување за родова еднаквост и оспособување на жените, итн.

**Тема 2 – Меѓуетнички односи:** Целта на овие грантови е да се собере, создаде и сподели знаење за меѓуетничките односи во самото граѓанско општество и улогата на граѓанското општество во меѓуетничките односи. Грантовите треба да ги меѓуетничките односи во граѓанското општество, особено како граѓанскиот сектор може да помогне во: зајакнување на врските меѓу етничките заедници во Македонија преку промовирање на практикувањето од

[5] http://www.coe.int/t/dg4/linguistic/cadre1_en.asp

[6] Ваквите соработници можат да бидат универзитети, образовни институции, истражувачки институти, ГО, други чинители на граѓанското општество, медиуми, државни институции (Народен правобранител, Државна комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита од дискриминација и др.), органи на државната управа и единици на локална самоуправа итн.

страна на граѓанските организации на принципот на етничка разновидност во членството; промовирање на лидерство на ГО од различни етнички заедници; подеднакво застапување за потребите и интересите на своите конституенти од сите етнички заедници; развој, промовирање и практикување на етнички сензитивни механизми за учество; застапување за еднаквост и зајакнување на помалите етнички заедници; развој и застапување за канали за дијалог меѓу различните етнички заедници; меѓуетнички и внатреетнички форми на здружување итн.

**Тема 3 - Миграции:** Целта на овие грантови е да се собере, создаде и сподели знаење за улогата на граѓанското општество во миграциите и како потенцијалот на македонската дијаспора може да придонесе за развојот на граѓанското општество во Македонија. Грантовите треба да ја истражат интеракцијата меѓу иселениците од Македонија кои живеат во Швајцарија со локалните (швајцарски) граѓански организации кои ја претставуваат македонската дијаспора и интеракцијата меѓу овие организации и на нив сличните организации во Македонија. Освен ова, грантот може да ги истражи корените, акциите, политиките кои ги подобруваат или ги влошуваат условите за сите видови миграции, улогата на граѓанското општество во поставувањето, придвижувањето и преиспитувањето на агендата на дијаспората / иселениците во развојот на Македонија (или во обликувањето на миграциската политика на Македонија), итн.

**Стратешки теми:** Цивика мобилитас би сакала да поддржи барем едно истражување во една од следниве стратешки области на Цивика мобилитас:

**Теми 4, 5 и 6** – (4) **Добро владеење,** (5) **Децентрализација и** (6) **Развој на граѓанското општество:** Целта на овие грантови е да се собере, создаде и сподели знаење поврзаноста на граѓанското општество и стратешките области на Цивика мобилитас. Грантовите треба да истражат како граѓанското општество може: 1) Да промовира и да зајакне добро владеење во самото граѓанско општество; или 2) Да промовира и да поддржи рамномерен регионален и секторски развој на граѓанското општество; или 3) Да промовира и да постигне позитивна општествена промена во Македонија.

Апликантот исто така треба да има предвид дека:

- Истражувањето треба да вклучи барем две истражувачки методологии (научни методи) како фокус групи, интервјуа, анкети, опсервации, итн.;
- Резултатите на истражувањето треба да имаат практична важност и да се применливи за граѓанското општество во Македонија и потенцијално на друго место (на пример, во Швајцарија);
- Извештајот од истражувањето треба да се заврши до крајот на спроведувањето на грантот;
- Од истражувањето треба да се објави барем еден труд / статија во релевантно научно/ стручно списание итн.;
- Извештајот на истражувањето, статиите и други продукти (ако ги има) можат да бидат подготвени на јазикот на соодветната студиска програма, но конечните верзии мора да бидат достапни на македонски јазик на соодветно академско ниво;
- Резултатите од истражувањето, во различни фази од спроведувањето, треба да се споделат и да се презентираат пред граѓанското општество.

## 3.4. Трошоци

Следниве трошоци можат да се покријат во рамките на овој повик за предлози:

- Директни трошоци настанати за време спроведувањето на спроведувањето на предложеното истражување:
  - Спроведување на оригинално истражување;
  - Објавување на статии и/или истражувачки извештај/докторска дисертација;
  - Учество на потребни релевантни докторски конференции, семинари, работилници;
  - Промоција и/или презентација на истражувачкиот извештај/докторска дисертација.

Сите други трошоци кои не се наведени погоре, нема да бидат подобни:

- Трошоци за бруто-плати или хонорари за апликантот или менторот/ко-менторот;
- Оперативни трошоци за редовната работа на универзитетот/образовната институција;
- Трошоци за активности кои се завршени до/на денот на потпишување на договорот за грант;
- Трошоци, кои се финансиски поддржани од друг донатор;
- Истражувања кои поддржуваат индивидуални политички партии;
- Купување возила, опрема, мебел и друг инвентар;
- Купување или реновирање (делумно или во целост) на недвижнини (земја, згради, итн.);

- Давање кредити на трети лица;
- Загуби при размена на валути;
- Долгови и давачки за подмирување на долгови;
- Регрантирање;
- Индивидуални спонзорства за учество во работилници, семинари, конференции и конгреси и други настани;
- Школарина т.е. трошоци за студирање на трет циклус (докторски) студии;

### 3.5. Број на пријави по апликант

Апликантите треба да знаат дека можат да поднесат само една пријава. Во случај ако апликантот поднесе повеќе од една пријава, Цивика мобилитас автоматски ќе ги одбие сите негови пријави.

## 4. ПРИЈАВА

### 4.1. Краен рок

Краен рок за поднесување на пријавите е 30 јуни 2016 г. до 14 часот (македонско време). Пријавите може да бидат доставени во кое било време до овој датум. Сите пријави мора да бидат примени од страна на Цивика мобилитас пред крајниот рок (а не само пратени).

Во случај ако апликантот поднесе пријава подоцна од крајниот рок, Цивика мобилитас автоматски ќе ја одбие пријавата.

### 4.2. Образец за пријава

Пријавите за овој повик за предлози мора да бидат поднесени преку образецот за пријава. Овој образец за пријава се состои од следниве делови:

**ДЕЛ 1. Актери,** кој се состои од профил на апликантот, на универзитетот/ образовната институција и на менторот;

**ДЕЛ 2. Истражување**, кој се состои од краток преглед на студиската програма, резиме на подготвената или одобрената пријава за докторска дисертација, која ги вклучува релевантноста/ применливоста на истражувањето за граѓанското општество, предложените истражувачки методологии, потенцијалните можности за објавување, како и барањето за грант и акцискиот план;

**ДЕЛ 3. Изјава** со која апликантот потврдува дека се согласува со условите на повикот за предлози и искажува посветеност за спроведување на предложените активности со поддршката од грантот за стипендии;

**ДЕЛ 4. Прилози:**

- Прилог 1. Биографија (Europass)[7];
- Прилог 2. Изјава за поддршка/ согласност од страна на институцијата која ги организира докторските студии;
- Прилог 3. Писмо за поддршка и препорака од менторот;
- Прилог 4. Буџет;
- Прилог 5. Резиме на англиски јазик;
- Административни документи и документи за подобност.

### 4.3. Комплетирање на пријавата

Сите делови од образецот за пријавата треба да бидат комплетирани, како и прилозите.

Пријавата мора да биде пополнета на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесена на македонски јазик. Дополнително, апликантите можат да поднесат и верзија на еден од јазиците кои се службени на национално или локално ниво во Македонија: албански, турски, ромски, српски, бошњачки или влашки јазик. Резимето мора да биде преведено на англиски јазик и да се приложи кон пријавата.

Соодветните обрасци можат да се најдат на следниот линк:
http://www.civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-fel-01

Сите дополнителни документи (брошури, писма, итн.) пратени со или како дополнување на образецот нема да се земат предвид.

---

[7] Образецот може да се најде и на https://europass.cedefop.europa.eu/en/documents/curriculum-vitae

### 4.4. Поднесување на образецот за пријава

Административните документи и документите за подобност можат да се поднесат како копии.

Пријавите мораат да се поднесат во согласност со овој Водич и во обрасците за пријава кои се прикачени на овој Водич.

Образецот за пријава мора да се поднесе до Цивика мобилитас по електронски пат на следнава адреса: cm-fel-01@civicamobilitas.mk, каде во предметот на пораката ќе биде наведен референтниот број на овој Повик за предлози.

Страниците на образецот за пријава и неговите прилози кои содржат потписи и печати треба да се скенираат.

### 4.5. Прашања и одговори

Линијата за поддршка на Цивика мобилитас им е на располагање на потенцијалните апликанти за прибирање и одговарање прашања поврзани со овој повик за предлози.

Прашањата може да бидат поднесени на helpdesk@civicamobilitas.mk, и треба во предметот на пораката да го содржат референтниот број за овој повик (ЦМ-ФЕЛ-01). Прашањата исто така може да бидат поставени и по телефон. Сепак, на персоналот на линијата за поддршка му е наложено да побара од вас да ги доставите сите ваши прашања во писмена форма и да ги испратите на наведената електронска адреса. Прашања може да бидат поставени и преку веб-страницата на Цивика мобилитас.

Прашањата може да бидат поднесени до линијата за поддршка, не подоцна од пет календарски денови пред крајниот рок за овој повик. Цивика мобилитас нема обврска да обезбеди одговор на прашањата кои ќе бидат поднесени по овој рок.

Цивика мобилитас редовно ќе ги објавува сите одговори на веб-страницата на Цивика мобилитас на следнава адреса: http://civicamobilitas.mk/

Цивика мобилитас ги поттикнува апликантите редовно да ги следат нејзините веб и Фејсбук страници, за да бидат навремено и соодветно информирани за најновите прашања и одговори.

### 4.6. Информативна сесија

Цивика мобилитас ќе одржи информативна сесија за овој повик за пријави на 22 јуни 2016 г. во просториите на МЦМС[8] во Скопје. Други информативни сесии може да се одржат на барање на заинтересираните универзитети/ образовни институции кои организираат докторски студии.

## 5. ОЦЕНКА

Цивика мобилитас ќе ги оценува предложените пријави на следниов начин:

### Чекор 1 – Административна проверка

Цивика мобилитас ќе го провери административниот квалитет на предложените пријави по следниве критериуми:

- **Краен рок**. Доколку е запазен, пријавата ќе се прифати, а доколку не е пријавата ќе се одбие (иако е примена);
- **Пријава.** Предложената пријава, вклучително прилозите, е поднесена и е во точниот образец;
- **Јазик**. Предложената пријава е поднесена на македонски јазик и содржи резиме на англиски јазик;
- **Изјава.** Изјавата на апликантот е комплетна и потпишана од правниот застапник (овластено лице);
- **Прилози**. Сите барани прилози се доставени и се во точните обрасци;
- **Поднесување**. Пријавата е поднесена на точната електронска адреса: cm-fel-01@civicamobilitas.mk.

### Чекор 2 – Проверка за подобност

Цивика мобилитас ќе ја проверува подобноста на пријавите по следниве критериуми:

- **Апликантот** е македонски државјанин и е запишан на докторски студии;
- **Универзитетот/ образовната институција** е лоцирана во Македонија и е регистрирана за докторски студии и студиската програма е акредитирана според Законот за високо образование;

[8] http://www.mcms.org.mk/mk/za-nas/contact.html

- **Истражувањето** се однесува на една од темите: родови прашања, меѓуетнички односи, миграции, добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество;
- **Пријавата на докторската дисертација** е одобрена од страна на релевантниот орган на универзитетот/ образовната институција или е во процес на одобрување, т.е. апликантот ги исполнува бараните критериуми за поднесување пријава за изработка на докторска дисертација;
- **Барањето за грант** не е помало од 100.000 денари и не е поголемо од 200.000 денари;
- **Времетраењето** на истражувањето не е пократко од 12 месеци и не е подолго од 24 месеци;
- **Број на пријави,** апликантот поднел само една пријава било во улога на апликант или партнер.

### ЧЕКОР 3 – ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

Комисијата за избор на мали грантови ќе ги оценува пријавите според следнава табела:

| Критериуми | поени |
|---|---|
| **1. Чинители** (профил на студентот, универзитетот/образовната институција и менторот) | 20 |
| **2. Релевантност на истражувањето** (релевантност на истражувачките прашања/ хипотези во однос на целите, намената, резултатите и приоритетите на овој повик за предлози, со особен акцент на применливоста на наодите, заклучоците и препораките од ова истражување за граѓанското општество во Македонија) | 30 |
| **3. Методологија** (вклучително истражувачки методи, **предложени** канали за **објавување** на статии и др. продукти, како и учество, соработка, учење и споделување); | 20 |
| **4. Планирање** (изводливост и соодветност на планирањето) | 15 |
| **5. Буџет** (активностите се соодветно изразени во буџетот и трошоците се оправдани) | 15 |
| **Максимум бодови** | **100** |

## 6. АДМИНИСТРАТИВНА, ПРАВНА И ФИНАНСИСКА ВЕРИФИКАЦИЈА

Следејќи го прелиминарниот избор на предлози од страна на Комисијата за избор на мали грантови, Цивика мобилитас ќе ја верификува административната, правната и финансиската подобност на апликантите. За таа цел, од сите апликанти чиишто предлози ќе бидат прелиминарно одобрени, ќе биде побарано да ги достават релевантните административни, правни и финансиски документи (како оригинали на поднесените копии, итн.). Исто така, ќе се спроведе проверка на докторските дисертации за евентуални плагијати.

## 7. ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТ

Цивика мобилитас ќе ги информира сите апликанти кои добиле грант за стипендии согласно со одлуката на Комисијата за избор на мали грантови.

Цивика мобилитас ќе ги информира и сите апликанти, кои се одбиени од административни или други причини.

## 8. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| Отворање на повикот за предлози | 7 јуни 2016 г. |
| Информативни сесии | 22 јуни 2016 г., 12 ч. во МЦМС, Скопје |
| Краен рок за поставување на прашања | 25 јуни 2016 г. |
| **Краен рок за поднесување на пријави** | **30 јуни 2016 г., 14:00 ч.** |
| Административна и проверка за подобност | јули 2016 г. |
| Одлука на Комисијата за избор на мали грантови | јули 2016 г. |
| Известување за доделени грантови и за одбиените пријави | јули 2016 г. |
| Потпишување договори за грантови | јули 2016 г. |

# 9. ПРИГОВОРИ

Одлуката на Комисијата за избор на грантови е конечна.

Апликантите коишто сметаат дека биле оштетени поради грешка или нерегуларност во текот на процесот на пријавувањето, може да поднесат приговор до Цивика мобилитас. Приговорите мора да бидат поднесени во пишана форма, во рок од 10 дена по известувањето за доделени грантови за стипендии, а треба да се поднесе лично на адресата на Цивика мобилитас, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), ул. Никола Парапунов, бр.41а, Скопје или по пошта на адресата: Цивика мобилитас/МЦМС, П. фах 55, 1060 Скопје или на електронската адреса: prigovori@civicamobilitas.mk.

Поднесувањето приговор нема да го одложи или промени процесот на склучување договори со избраните апликанти. На сите приговори ќе биде одговорено од страна на Цивика мобилитас во рок од 30 дена од денот на поднесувањето.

# 10. ПРИЛОЗИ

Во прилог ќе ги најдете следниве прилози и обрасци:

- Теорија на промени на Цивика мобилитас и логичка рамка;
- Образец за пријава со прилозите.

# Прилог 1. Теорија на промена

## Програма за поддршка на граѓанското општество – Македонија „Цивика мобилитас, 2014-2018“



# Прилог 2. Логичка рамка на Цивика мобилитас, 2014-2018

| Стратегија на интервенција | Клучни индикатори | Извори за верификација | Претпоставки и ризици |
|---|---|---|---|
| **Општа цел (влијание)** | **Показатели на влијанието** | | |
| Промена во општеството во Македонија, вклучувајќи подобра соработка меѓу граѓанските организации и меѓу нив и властите, која ги одразува очекувањата, проблемите, потребите и приоритетите на граѓаните. | Показател: Повисока вредност на оценката на димензијата на ИГО „околина“. Почетна вредност: 56,5 (2011); Цел: 58,2 (2018, +3 %) . | Аналитички извештај на ИГО (2018); Регионални и секторски наоди од ИГО (2014, 2015, 2016, 2017); Истражувачки извештаи; како и извештаи на Светска банка, Фридом хаус, Транспаренси интерешнл, ЕУ, УСАИД и др . | |
| **Цел на проектот (Резултат)** | | | |
| Мерливи и трајни подобрувања во димензиите на граѓанското општество како што се практикувањето вредности, граѓанскиот ангажман, нивото на организација и перцепцијата на влијанието. | Показател Ц1: Повисока вредност на оценката на димензијата на ИГО „практикување вредности “. Почетна вредност: 57,7 (2011); Цел: 59,4 (2018, +3 %).<br>Показател Ц2: Повисока вредност на оценката на димензијата на ИГО „граѓански ангажман“. Почетна вредност: 45,0 (2011); Цел: 47,3 (2018, +5 %).<br>Показател Ц3: Повисока вредност на оценката на димензијата на ИГО „ниво на организација“. Почетна вредност: 59,8 (2011); Цел: 61,6 (2018, +3 %).<br>Показател Ц4: Повисока вредност на оценката на димензијата на ИГО „перцепција на влијанието“. Почетна вредност: 45,7 (2011); Цел: 48,0 (2018, +5 %). | Аналитички извештај на ИГО (2018); Анкети за довербата, вредностите и општествена одговорност на граѓаните; Организациски истражувања; Други анкети; Програмски анализи; Истражувачки извештаи; Извештаи за мониторинг и евалуација, информациски и комуникациски продукти; Извештаи на СДЦ, ЕУ, УСАИД и сл. | Критичната маса на граѓански организации на национално, регионално, секторско и тематско ниво не се под влијание на партиите, кое би ја загрозила нивната способност да учествуваат во програмата. |
| **Резултати** | **Показател** | | **Претпоставки и ризици** |
| Резултат 1 – Граѓанските организации, другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти подобро ги изразуваат своите идеи и се договараат за заеднички каузи за промени во општеството и за заеднички акции за промовирање на овие каузи. | **Показател 1.1.:** Слободата на здружување, собирање и изразување се подобро заштитени и практикувани од граѓанските организации и нивните конституенти.<br>Почетна вредност: 59,0 (2011); Цел: 60,8 (2018, +3 %).<br>**Показател 1.2.:** Граѓанските организации повеќе се одзиваат на менливите потреби, прашања и интереси на конституентите и на заедницата.<br>Почетна вредност: 50,0 (2011); Цел: 52,4 (2018, +5 %). | ИГО; Индекс на одржливост на граѓанските организации, УСАИД; Матрица за мониторинг на овозможувачката околина за развој на граѓанско општество. | П 1.1. Граѓанските организации имаат интерес за зајакнување и вклучување на нивните конституенти.<br>Р 1.1. Форумите можеби нема да бидат интересни за конституентите;<br>Р 1.2. Форумите може нема да ги опфатат конституентите во помалите градови и села; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Резултат 2 – Граѓанските организации, другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти имаат и практикуваат ставови, верувања и вредности кои се компатибилни со доброто владеење, децентрализацијата и (позитивните) општествени промени. | Показател 2.1.: Граѓанските организации почесто практикуваат демократско носење одлуки, транспарентност и отчетност.<br>Почетна вредност 79,2 (2011); Цел: 71,5 (2018).<br>Показател 2.2: Учеството на жените како лидери (претседавачи или членови на извршни и управни тела) во граѓански организации е подобрено.<br>Почетна вредност: 57,0 (2006); Цел 58,7 (2018).<br>Показател 2.3: Учеството во управувачките тела на ГО на припадници на (друга) етничка заедница<br>Почетна вредност: нема податоци; Цел 25,0 (2018).<br>Показател 2.4: Географската распределба на граѓанските организации е побалансирана.<br>Почетна вредност: 61% од регистрираните граѓански организации се надвор од скопскиот регион (2013).<br>Цел: 63% од регистрираните граѓански организации се надвор од скопскиот регион (2018) | ИГО; Извештаи од набљудување; Среднорочна оценка; Завршна оценка; | П 2.1. Граѓанските организации, а пред сè критичната маса договараат заеднички ставови, верувања и вредности и ги практикуваат истите.<br>П 2.2. Граѓанските организации имаат волја да се согласат за етички код или код на однесување.<br>Р 2.1. Можно намалување на мотивацијата на граѓанските организации да работат на заеднички ставови, верувања и вредности. |
| Резултат 3 – Граѓанските организации, другите актери на граѓанското општество и нивните конституенти се ангажираат во општествена акција и подобро ги вклучуваат „старите“ и „новите“ актери од другите сектори, особено граѓаните во улога на членови, волонтери, учесници, донатори и поддржувачи. | **Показател 3.1: Ангажираноста на конституентите во општествените иницијативи е подобрена.** Почетна вредност: 26,3 (2011) Цел: 27,6 (2018)<br>Показател 3.2: Давањето во добротворни цели е покачено. Почетна вредност 3.2: 51,9 (2013); Цел 3.2: 53,5 (2018). | ИГО; Извештаи од набљудување; Среднорочна оценка; Завршна оценка; | П 3.1. Граѓанските организации имаат самосвест и критичко размислување за нивните општествени цели, теориите на промена и конституенти.<br>Р 3.1. Меѓународните добри практики може да не бидат применливи во Македонија.<br>Р 3.2. Граѓанските организации може да го приоритизираат нивниот личен интерес пред интересите на групата. |
| Резултат 4 – Подобрено ниво на организираност на граѓанскиот сектор, вклучувајќи ја и критичната маса од 100 релевантни и одржливи граѓански организации на национално ниво, во сите осум региони и во најмалку пет сектори. | **Показател 4.1.: Финансиите и човечките ресурси на граѓанските организации се поодржливи.** Почетна вредност 52,4 (2011); Цел 53,9 (2018)<br>**Показател 4.2.: Критичната маса од 100 ГОи работат заедно и споделуваат информации преку платформите за соработка и на други начини.** Почетна вредност 4.2: 67,5 (2011); Цел 4.2: 69,5 (2018). | ИГО; Извештаи од набљудување; Среднорочна оценка; Завршна оценка; | П 4.1. „Критичната маса” од ГОи ја прифаќаат програмата.<br>П 4.2. ГОи ќе соработуваат (коалиции и сл.) за зајакнување на кампањите и за креирање платформи за соработка.<br>Р 4.1. ГОи може да стравуваат од исклученост од критичната маса поради различни причини.<br>Р 4.1. Во одреден сектор или регион можеби нема да има услови да се достигне критична маса. |
| Резултат 5 – Критичната маса од 100 граѓански организации и нивните конституенти успешно ги промовираат општествените промени на национално ниво, во сите осум региони и во најмалку пет сектори. | **Показател 5.1.:** Перцепцијата за успехот на активностите на ГО во однос на општествените проблеми е подобрена. Почетна вредност 5.1: 52,6 (2011); Цел 5.1: 55,2 (2018).<br>**Показател 5.2.:** Влијанието на граѓанското општество на толеранцијата, довербата и јавниот дух е зголемено. Почетна вредност 5.2: 9,5 (2011); Цел 5.2: 10,0 (2018) | ИГО; Извештаи од набљудување; Среднорочна оценка; Завршна оценка; | П 5.1. Општествените поделби нема многу да влијаат на програмата.<br>Р 5.1. Одредени граѓански организации кои учествуваат може да го загубат интересот за промовирањето реални општествени промени. |